РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
бр. 04-161/1
21.05. 2026 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и (Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), а во врска со објавениот Јавен оглас број 221/2026 за вработување на 1 државен службеник од категорија В, ниво В01, во Општинското основно училиште ,,Гоце Делчев'' – Ресен и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 221/2026, број 10-764/11 од 15.05.2026 година, Директорот на Општинското основно училиште ,,Гоце Делчев'' – Ресен на ден 21.05.2026 година донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување

1. За работно место ОБН0102В01001 Советник за нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител(и), се избира кандидатот Благоја Јовановски, со идентификациски код D7681CF.

2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено работно време на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Одлуката за избор на кандидатот за вработување ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 03.04.2026 година во дневните весници ,,Нова Македонија'', ,,Вечер'' и ,,Лајм'' и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас број 221/2026 за вработување на 1 државен службеник од категорија В, ниво В01, во Општинското основно училиште ,,Гоце Делчев'' – Ресен.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр. 10-764/5 од 07.04.2026 година на Агенцијата за администрација , формирана е Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас број 221/2026, во функција на спроведување на постапката за селекција за вработување која се состои од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување – административна селекција, за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник, бр.10-764/6 од 20.04.2026 година.

На ден 06.05.2026 година Комисијата за селекција за вработување ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување – испит за административен службеник за што состави Записник од спроведениот испит за административен службеник, бр. 10-764/9 од 06.05.2026 година.

На ден 14.05.2026 година се спроведе последната фаза од постапката – проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, за што е составен Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, бр.10-764/10 од 14.05.2026 година.

Постапувајќи во согласност со член 42 став 7 од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас подготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Законот за административни службеници до Општинското основно училиште ,,Гоце Делчев'' – Ресен доставен е Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 221/2026, бр.10-764/11 од 15.05.2026 година.

Во Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 221/2026, за работното место ОБН0102В01001 Советник за нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител(и) за вработување се предлага кандидатот Благоја Јовановски, со идентификациски код D7681CF.

Врз основа на горенаведенето, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Архива

Директор

Елизабета Нанчовска

Република Македонија Основно училиште Гоце Делчев Ресен